# Чекори за добри консултации

Овој кодекс за консултации, генерално, може да се спроведе преку следниве чекори за подобри консултации:

## 7 чекори за подобри консултации

| | |
|---|---|
| Чекор 1 | Планирање на консултациите однапред |
| Чекор 2 | Идентификување на засегнатите страни |
| Чекор 3 | Подготовка на документот за консултации |
| Чекор 4 | Консултирање – планирајте доволно време за добивање одговори |
| Чекор 5 | Анализирање и вреднување на добиените коментари за време на консултациите |
| Чекор 6 | Одлучување во врска со конечниот предлог |
| Чекор 7 | Доставување одговор до оние кои доставиле мислења |

Практични водилки за планирање и спроведување ефективни консултации од страна на државните органи се дадени во **Прирачник за јавната администрација – Учество на засегнатите страни во регулаторниот процес.** Насоки за засегнатите страни како квалитетно да се вклучат во процесот на изработка на регулативи се дадени во **Прирачникот Со добри консултации до добри регулативи.**



ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# КОДЕКС ЗА КОНСУЛТАЦИИ СО ЈАВНОСТА ЗА ВРЕМЕ НА ПОДГОТВУВАЊЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

# Предговор

Владата на Република Македонија е посветена на ефективни консултации со засегнатите страни, и тоа, на консултации кои се јасно и ефективно насочени кон оние на кои директно се однесува регулативата.

Ефективните консултации придонесуваат за идентификација и собирање корисни информации кои Владата понатаму ги користи за изработка на квалитетни и ефективни регулативи, и донесување одлуки базирани на адекватни информации. Со ова се обезбедува подобрување на давањето на јавните услуги и зголемувањето на отчетноста на јавните институции.

Владата на Република Македонија од 2006 година спроведува иницијативи фокусирани на регулаторната реформа. Притоа, како поддршка на консултативниот процес се изработени Методологија за проценка на влијание на регулативата, Уредба за учество на јавноста во текот на изработка на регулатива од областа на животната средина, Упатство за начинот на постапување во работата на министерствата за вклучување на засегнатите страни во постапката за изготвување закони и прирачници за министерствата и засегнатите страни кои го објаснуваат процесот на консултации. Овие материјали го објаснуваат консултативниот процес и претставуваат како тој најдобро да се спроведе и што можат граѓаните да очекуваат од Владата при спроведување консултации.

Овој Кодекс за консултации со јавноста за време на подготвување на регулативите е базиран на искуствата од досегашните консултации и на добрите меѓународни практики на ова поле. Неговата цел е да ја подобри транспарентноста, ажурноста при одговарањето и достапноста на консултациите, како и да помогне при намалување на оптоварувањата при вклучување на засегнатите страни во изработка на регулативите.

Како дел од посветеноста на Владата на Република Македонија кон ефективни консултации, ние ќе продолжиме континуирано да го следиме процесот на консултации и ќе ги цениме сугестиите како истиот да го надградуваме и да го подобруваме во иднина.

Претседател на Владата на Република Македонија

Септември 2011

# Вовед

Јавните консултации се едни од главните регулаторни алатки кои се користат за подобрување на транспарентноста, ефикасноста и ефективноста на регулативата, и се користат заедно со други алатки, како Проценка на влијание на регулативата (ПВР или РИА), алтернативни регулаторни решенија и подобрување на одговорноста и отчетноста на јавните институции. Следниве критериуми за консултации го претставуваат темелот за ефективни консултации помеѓу засегнатите страни и јавните институции.

## Критериуми за консултации

| | |
|---|---|
| Критериум 1 | **Кога се спроведуваат консултации** Консултации треба да се спроведуваат во оној дел од процесот на изработка на регулатива кога има можност да се влијае на опсегот и содржината на регулативата. |
| Критериум 2 | **Времетраење на консултациите** Консултациите треба нормално да траат најмалку 30 дена, при што треба да се има предвид дека подолготрајни консултации даваат подобри резултати и, кога е можно, консултативниот процес треба да има подолго времетраење. |
| Критериум 3 | **Јасно дефиниран опсег на влијанието** Документите за консултации треба јасно да го опишуваат консултативниот процес кој се применува, што се предлага, кој е опсегот на влијание од консултациите и кои се очекуваните трошоци и придобивки од предлозите. |
| Критериум 4 | **Достапност на консултациите** Консултациите треба да се дизајнирани така што да бидат достапни до, и јасно насочени кон оние засегнати страни кои се директно опфатени со регулативата. |
| Критериум 5 | **Непотребни оптоварувања на консултациите** Со цел реализирање ефективни консултации и соодветна посветеност на консултираните страни, треба да се избегнуваат непотребните оптоварувања по учесниците во процесот. |
| Критериум 6 | **Ажурност во одговарање при консултации** Придонесите при консултации треба соодветно да се анализираат и задолжително да се обезбеди јасен и навремен одговор до учесниците. |
| Критериум 7 | **Капацитет за консултации** Претставниците на министерствата кои спроведуваат консултации, доколку е потребно, можат да побараат помош и поддршка за спроведување ефективни консултации, и можат да ги споделат стекнатите искуства со други претставници на јавните институции. |